## БАЗА НА ПОДАТОЦИ НА ИЗНОСИТЕ НА ПАУШАЛИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТНИЦИ

# Општинските советници чинат 3,5 милиони евра годишно

- *Висината на месечниот надомест зависи од бројот на жители во општината.*
- *Услов за да се исплати „паушалот“ е во месецот да биде одржана барем една седница.*
- *Највисок месечен надомест добиваат советниците на Град Скопје, но тие одржуваат и најмногу седници.*
- *Од другите општини, највисоко се платени советниците во Кичево, а најниско во Вевчани.*


Фото: Општина Кочани

Скопје, декември 2020 година

Годишните трошоци за исплата на надоместоците на советниците на единиците на локалната самоуправа во земјава изнесуваат над 215 милиони денари, односно над 3,5 милиони евра. Ова го покажува анализата на податоците за 2019 година, добиени од општините и Градот Скопје, за висината на месечните надоместоци на советниците и бројот на одржани седници. Вкупниот број на советници во сите 80 општини и Градот Скопје достигнува 1.319[1].

Најголеми годишни трошоци за советниците од 214 илјади евра има Градот Скопје. Следува Куманово со околу 115 илјади евра, а на следните три позиции се Тетово, Битола и Гостивар со годишни трошоци од околу 104 илјади евра. На дното се општините Новаци и Конче со по 16 илјади евра, Зрновци со околу 14 илјади евра и Вевчани со нецели 9 илјади евра годишни трошоци за советниците.

[1] Бројот на членовите на советот се утврдува во зависност од бројот на жителите во општината и не може да биде помал од 9 ниту поголем од 33 члена.

Анализата покажува дека само 12 општини не го исплатуваат максималниот месечен надомест што им го дозволува законот, а некои општини дури исплатуваат и поголем надомест од законскиот максимум (определен во член 29-б од Законот за плати и други надоместоци на пратеници во Собранието на РМ и други избрани и именувани лица во Републиката).

Согласно законот, месечните паушали се највисоки во Град Скопје и се во висина на просечната плата исплатена во државата во претходната година. Во останатите единици на локалната самоуправа месечниот надомест се утврдува како процентуален износ од просечната месечна плата во претходната година, но не повеќе од 40 % во општини до 10.000 жители, 50 % во општини од 10.001 до 25.000 жители, 60 % во општини од 25.001 до 50.000 жители и 70 % во општини над 50.001 жител. Претседателите на советите добиваат за 30 % поголем износ на паушал од советниците.

Оттука, месечниот надомест за советниците на Град Скопје во 2019 година изнесува 24.276 денари, а на претседателот на Советот 31.559 денари. По општини, највисок месечен паушал имале советниците на Општина Кичево каде им е плаќано по 19.610 денари, а најнизок месечен паушал имале советниците на Општина Вевчани во износ од 4.855 денари. Податоците претставени во следниот табеларен приказ се обезбедени преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Исплатени месечни паушали за советниците во 2019 година**

| ОПШТИНИ | Висина на паушалот на советниците | Висина на паушалот на претседателот на Советот |
|---|---|---|
| **Град Скопје** | 24.276 | 31.559 |
| **Кичево** | 19.610 | 25.493 |
| **Куманово** | 17.649 | 22.944 |
| **Чаир** | 17.184 | 22.339 |
| **Аеродром** | 16.993 | 22.090 |
| **Битола** | 16.993 | 22.091 |
| **Велес** | 16.993 | 22.091 |
| **Гази Баба** | 16.993 | 22.091 |
| **Гостивар** | 16.993 | 22.091 |
| **Карпош** | 16.993 | 22.091 |
| **Кисела Вода** | 16.993 | 18.091 |
| **Охрид** | 16.993 | 22.091 |
| **Прилеп** | 16.993 | 22.091 |
| **Струга** | 16.993 | 22.091 |
| **Струмица** | 16.993 | 22.091 |
| **Тетово** | 16.993 | 22.092 |
| **Врапчиште** | 17.040 | 22.152 |
| **Сарај** | 14.567 | 18.937 |
| **Кавадарци** | 14.566 | 18.935 |

| | | |
|---|---|---|
| **Кочани** | 14.566 | 18.935 |
| **Радовиш** | 14.566 | 18,936 |
| **Центар** | 14.566 | 18.936 |
| **Штип** | 14.566 | 18.936 |
| **Бутел** | 14.566 | 18.934 |
| **Ѓорче Петров**[2] | 14.566 | 18.934 |
| **Боговиње** | 14.565 | 18.934 |
| **Желино** | 14.325 | 18.622 |
| **Пробиштип** | 14.292 | 16,723 |
| **Теарце** | 12.607 | 16.393 |
| **Дебар** | 12.286 | 15.972 |
| **Берово** | 12.138 | 15.779 |
| **Босилово** | 12.138 | 15.779 |
| **Брвеница** | 12.138 | 15.779 |
| **Валандово** | 12.138 | 15.779 |
| **Виница** | 12.138 | 15.779 |
| **Гевгелија** | 12.138 | 15.779 |
| **Долнени** | 12.138 | 15.779 |
| **Илинден** | 12.138 | 15.780 |
| **Крива Паланка** | 12.138 | 15.779 |
| **Неготино** | 12.138 | 14.657 |
| **Свети Николе** | 12.138 | 15.775 |
| **Шуто Оризари** | 12.138 | 15.779 |
| **Ресен** | 12.136 | 15.777 |
| **Кратово** | 12.138 | 15.779 |
| **Делчево** | 11.464 | 14.903 |
| **Јегуновце** | 11.464 | 14.903 |
| **Могила** | 10.789 | 14.025 |
| **Карбинци** | 10.789 | 14.026 |
| **Богданци** | 10.085 | 13.111 |
| **Демир Хисар** | 10.085 | 13.111 |
| **Дојран** | 10.085 | 13.111 |
| **Македонска Каменица** | 10.085 | 13.110 |
| **Македонски Брод** | 10.085 | 13111 |
| **Липково** | 10.000 | 13.000 |
| **Кривогаштани** | 9.806 | 12.748 |
| **Зелениково** | 9.711 | 12.625 |
| **Демир Капија** | 9.710 | 12.624 |

[2] Општина Ѓорче Петров е единствената општина која не ги достави побараните информации. Податоците во табелата се според пресметки направени врз основа на предвидените законски износи за паушалите на советниците според бројот на жители на општината

| | | |
|---|---|---|
| **Маврово и Ростуше** | 9.710 | 12.623 |
| **Петровец** | 9.710 | 12.624 |
| **Пехчево** | 9.710 | 12.624 |
| **Пласница** | 9.710 | 12.623 |
| **Ранковце** | 9.710 | 12.622 |
| **Росоман** | 9.710 | 12.623 |
| **Лозово** | 9.710 | 12.623 |
| **Крушево** | 9.710 | 12.623 |
| **Сопиште** | 9.710 | 12.623 |
| **Старо Нагоричане** | 9.710 | 12.656 |
| **Градско** | 9.710 | 12.623 |
| **Центар Жупа** | 9.710 | 12.623 |
| **Чучер Сандево** | 9.710 | 12.623 |
| **Чашка** | 9.710 | 12.623 |
| **Дебрца** | 9.706 | 12.619 |
| **Студеничани** | 9.500 | 12.350 |
| **Василево** | 9.400 | 12.200 |
| **Новаци** | 9.171 | 11.922 |
| **Чешиново-Облешево** | 9.171 | 10.088 |
| **Арачиново** | 9.000 | 11.700 |
| **Ново Село** | 9.000 | 11.700 |
| **Конче** | 8.936 | 11.617 |
| **Зрновци** | 7.644 | 8.736 |
| **Вевчани** | 4.855 | 6.312 |

Во 12 општини исплатувани се паушали кои се пониски од законски дозволениот максимум. Значително пониски паушали од дозволените се исплатувани во општините Вевчани, Липково, Василево, Студеничани и Зрновци. Кај следниве седум општини, паушалите се само за помалку од 10 % пониски од максималните: Делчево, Јегуновце, Новаци, Чешиново-Облешево, Арачиново, Ново Село и Конче.

**Општини со месечни паушали пониски од законскиот максимум**

| Општина | Отстапување од законскиот максимум |
|---|---|
| **Вевчани** | -50 % |
| **Липково** | -31 % |
| **Василево** | -23 % |
| **Студеничани** | -21 % |
| **Зрновци** | -21 % |

Спротивно, паушали повисоки од законскиот максимум има кај 15 општини. Од нив, кај 10 општини станува збор за мали разлики од 1 % до 4 % и можат да се објаснат дека се од техничка природа, но кај пет општини станува збор за износи на паушалите кои се поголеми од максимално дозволените за 11 % до 18 %. Станува збор за општините Пробиштип, Врапчиште, Кичево, Могила и Карбинци.

**Општини со месечни паушали повисоки од законскиот максимум**

| Општина | Отстапување од законскиот максимум |
|---|---|
| **Пробиштип** | +18 % |
| **Врапчиште** | +17 % |
| **Кичево** | +15 % |
| **Могила** | +11 % |
| **Карбинци** | +11 % |

Инаку, за да се исплати месечниот паушал на советниците, мора во месецот да биде одржана барем една седница на советот. А токму овде има и голема разноликост во однос на бројот на одржани седници на советите на општините. На врвот е Градот Скопје со одржани 27 седници годишно, а на дното се Сарај, Студеничани и Пласница со по 9 седници и Центар Жупа со само 6 седници.

**Број на одржани седници во 2019 година (по општини)**

| ОПШТИНИ | Број на одржани седници на Советот на општината во 2019 година |
|---|---|
| **Град Скопје** | 27 |
| **Битола** | 23 |
| **Свети Николе** | 23 |
| **Велес** | 22 |
| **Лозово** | 22 |
| **Струга** | 20 |
| **Кавадарци** | 20 |
| **Центар** | 20 |
| **Ресен** | 20 |
| **Могила** | 20 |
| **Демир Хисар** | 20 |
| **Кривогаштани** | 20 |
| **Новаци** | 20 |
| **Желино** | 19 |
| **Крушево** | 19 |

| | |
|---|---|
| **Конче** | 19 |
| **Прилеп** | 18 |
| **Неготино** | 18 |
| **Василево** | 18 |
| **Зрновци** | 18 |
| **Куманово** | 17 |
| **Кратово** | 17 |
| **Зелениково** | 17 |
| **Чаир** | 16 |
| **Гази Баба** | 16 |
| **Карпош** | 16 |
| **Гевгелија** | 16 |
| **Чашка** | 16 |
| **Аеродром** | 15 |
| **Охрид** | 15 |
| **Валандово** | 15 |
| **Јегуновце** | 15 |
| **Богданци** | 15 |
| **Дојран** | 15 |
| **Маврово и Ростуше** | 15 |
| **Петровец** | 15 |
| **Чешиново-Облешево** | 15 |
| **Кисела Вода** | 14 |
| **Боговиње** | 14 |
| **Кочани** | 14 |
| **Радовиш** | 14 |
| **Бутел** | 14 |
| **Брвеница** | 14 |
| **Долнени** | 14 |
| **Крива Паланка** | 14 |
| **Делчево** | 14 |
| **Старо Нагоричане** | 14 |
| **Сопиште** | 14 |
| **Кичево** | 13 |
| **Гостивар** | 13 |
| **Струмица** | 13 |
| **Тетово** | 13 |
| **Штип** | 13 |
| **Берово** | 13 |
| **Босилово** | 13 |
| **Илинден** | 13 |

| | |
|---|---|
| **Шуто Оризари** | 13 |
| **Карбинци** | 13 |
| **Македонска Каменица** | 13 |
| **Росоман** | 13 |
| **Дебрца** | 13 |
| **Пробиштип** | 12 |
| **Виница** | 12 |
| **Македонски Брод** | 12 |
| **Демир Капија** | 12 |
| **Ранковце** | 12 |
| **Арачиново** | 12 |
| **Ново Село** | 12 |
| **Чучер Сандево** | 12 |
| **Липково** | 11 |
| **Теарце** | 11 |
| **Дебар** | 11 |
| **Пехчево** | 11 |
| **Градско** | 11 |
| **Врапчиште** | 10 |
| **Вевчани** | 10 |
| **Сарај** | 9 |
| **Студеничани** | 9 |
| **Пласница** | 9 |
| **Центар Жупа** | 6 |
| **Ѓорче Петров** | / |

Сведено според учинок, односно кога исплатените вкупни пари по советник ќе се стават во однос на одржаните седници, произлегува дека најплатени се советниците од Кичево, кои добиваат 18.102 денари по седница, а најмалку платени советниците во Вевчани по 4855 денари. Советниците во Град Скопје кои земаат месечно највисоки паушали, всушност добиваат по 10.789 денари по седница.

Податоците од ова истражување, како и од сите претходни, Центарот за граѓански комуникации ги става на располагање во отворен формат за да послужат како основа за натамошно користење и истражување од страна на новинарите, граѓанските организации, граѓаните, науката и сите други заинтересирани страни. Во крајна линија, целта е сите заедно да придонесеме за подобрување на квалитетот и условите за живот во земјава.

*Ова истражување и базата на податоци се подготвени од Центарот за граѓански комуникации во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината во ова истражување и во базата на податоци е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*